# Течен... сепак вистински универзален

за сите индикации на кавитети - и уште повеќе!



Кавитети Класа I, II, III, IV, V

Сплинтирање и МИ кавитети

**Сега исто така индицирани за индиректна техника во ординација!**








## G-ænial Universal Flo

1 шприц x3.4 g (2 ml), 20 Продолжетоци за истиснување III пластични,
1 штитник за светлина

Достапен во 15 бои и три нивоа на транслуцентност:
Стандардни бои: BW, A1, A2, A3, A3.5, A4, B1, B2, B3, C3, CV
Внатрешни бои: AO2, AO3
Надворешни бои: JE, AE

Продолжетоци за истиснување III пластични, поединечно пакување (30 парчиња)
Продолжетоци за истиснување III игли, поединечно пакување (30 парчиња)

Стандардни бои





**GC EUROPE N.V.**
Head Office
Researchpark
Haasrode-Leuven 1240
Interleuvenlaan 33
B - 3001 Leuven
Tel. +32.16.74.10.00
Fax. +32.16.40.48.32
info@gceurope.com
www.gceurope.com

**GC EUROPE N.V.**
GC EEO
Siget 19b
HR - 10020 Zagreb
Tel. +385.1.46.78.474
Fax. +385.1.46.78.473
info@eeo.gceurope.com
www.eeo.gceurope.com

Овластен дистрибутер
за Македонија:
ДЕНТОМЕД-М
Ул. “Бојмија” бр. 2/2
Пошт. фах. 182
1000 Скопје
Тел./Факс: 02/24.62.739
Тел. 02/24.64.781
dentomed@t-home.mk


z O LF MK 8 75 07/15



# Уметност во создавањето на инјектирачка естетика.

# G-ænial® Universal Flo од GC

Многу силен инјектирачки реставративен композит

# G-ænial® Universal Flo од GC

Како клиничари, со задоволство работите со материјали кои се инјектираат, но често овие материјали имаат одредени ограничувања. Затоа GC го создаде за вас G-ænial Universal Flo, реставративен композит кој е доволно јак да се користи на оклузалните површини, а сепак и доволно сестран да може да одговара на сите клинички ситуации - од најмалите Класа V реставрации до најголемите кавитети Класа II. Благодарение на неговата вискозност и лесно вбризгување, **G-ænial Universal Flo го дава одговорот на многу тешки случаи каде што не сакате да правите компромис помеѓу совршено поставување, естетика или јачина**.

## Инјектирачки... сепак неверојатно цврст

### благодарение на најновата технологија на полнежи од GC

Ултра-фините честички на Стронциум во составот на G-ænial Universal Flo имаат висока транслуцентност што гарантира **високо ниво на естетика**. Неговата висока отпорност на киселини и рентгеноконтрастност обезбедуваат издржливост и лесно понатамошно следење. Дополнително GC разви сопствен третман за силанизација кој доведува до хомогена дисперзија на полнежите и поцврста адхезија помеѓу стаклените честички и композитната матрица - за извонредна јачина и отпорност на абразија! Оваа уникатна комбинација, дополнета со висока концентрација на полнежи ќе обезбеди **издржлива реставрација со долготраен ефект на полирање**.

**Сила на истегнување (MPa)**




*Извор: Dental Materials Research Foundation, University of ACTA, Амстердам. Податоците се достапни во досие.*




***Единствена технологија на полнежи:** 200 nm стаклени честички на Стронциум хомогено дисперзирани во матриксот. SEM слика (x2000)**

## Течен... сепак изненадувачки долготраен

### одлика на врвот на класата со отпорност на истрошување (3-body) од 3 µm*




Композитните материјали кои содржат макро-полнежи многу поверојатно е да покажат повисок степен на абразија поради испуштање на полнежите и хидролитичкото разградување. Ова може да има негативно влијание на нивната долготрајност и задржување на сјајот.




G-ænial Universal Flo содржи ултра-фини полнежи кои се индивидуално силанизирани и хомогено дисперзирани во композитната матрица. Благодарение на оваа единствена технологија на GC, **отпорноста на материјалот на абразија е мултиплицирана** и во текот на времето сјајот потполно се задржува.




*Слики од конфокален ласерски микроскоп на компаративна абразија од четкање на забите**

**Извор: GC центар за истражување и развој. Податоците се достапни во досие.*

## Течен... сепак навистина естетски

### од најмалите Класа V до најголемите Класа II реставрации

Друга предност на G-ænial Universal Flo е дека успешно ги соединува **совршената адаптација** со големата **стабилност**, што овозможува лесно надоградување на анатомските форми.

Неговата единствена **способност за само-полирање**, заедно со одличната адаптација на бои и задржување на сјајот, обезбедуваат невидлива и долготрајна реставрација за вашите пациенти, а вам ви го нудат **најлесниот начин на работа** кој го барате.

**Широкиот избор на бои** со **три нивоа на транслуцентност** ветува неограничени можности за вашите најпредизвикувачки случаи!



*Dr U. Krueger-Janson, Германија*



*Dr G. Politano, Италија*

## Течен... сепак оригинално спакуван

### поддржано од уникатниот ергономски дизајн на шприцот



**Голема количина од материјалот во еден шприц**
3.4 g за да ги покрие сите ваши секојдневни случаи!

**Ергономско решение**
Комфорно се држи во рака, со лаковиден обод и лесно истиснување благодарение на тенкиот дијаметар на шприцот

**Лесно нанесување**
Благодарение на долгиот тенок продолжеток со текстура, сигурни сте дека производот нема да се залепи за него




**Обод со правоаголен облик**
За да се спречи извртување на шприцот

**Достапни се два типа на продолжетоци за истиснување**
Пластични или игли, соодветно на вашите барања

**Економска предност**
Количеството на материјал кое останува во шприцот е помало од 0,1 ml